**МАКЕДОНСКА СПОРТСКА СТРЕЛАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА**
Ул. Даме Груев бр. 28, Скопје 1000 Република Македонија
Тел. / Факс: ++ 389 2 31 63 355; e-mail: mssf@t-home.mk
**www.mssf.org.mk**

**ДО : ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СОРАБОТКА СО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ**

Број: 0302-384
Скопје, 14.09.2017 година

**ПРЕДМЕТ**: Предлог за донесување на нов Закон за оружје, согласно повик на граѓанскиот сектор за активен придонес во подготвување на програмата на Владата на Република Македонија за 2018, согласно член 14 од Кодексот за добри практики за учество во процесот на креирање на политики.

**ВРСКА:** Повик до граѓанскиот сектор за активен придонес во подготвување на програмата на Владата на Република Македонија за 2018 објавен на ВЕБ страната на Единствениот електронски регистар на прописи на Република Македонија.

Почитувани,

Во врска со Повикот до граѓанскиот сектор за активен придонес во подготвување на програмата на Владата на Република Македонија за 2018, објавен на ВЕБ страната на Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Македонија, предлагаме во програмата на Владата на Република Македонија за 2018 година да влезе и подготвување и донесување на нов Закон за оружјето во согласност со ЕУ директивите за оваа материја и кој ќе биде донесен во редовна постапка, а ќе се изработи со активно вклучување на засегнатите страни и од граѓанскиот сектор (како што се *Македонската Спортска Стрелачки Федерација; Ловечката федерација на Македонија; Групацијата за оружје, експлозивни и опасни метерии при Стопанската Комора на Македонија* и др. граѓански субјекти) како и претставници на академската јавност во работна група за изготвување на овој закон, по што истиот ќе оди на широка јавна расправа и презентација, пред истиот да се донесе од страна на Собранието на Република Македонија.

Постојниот Закон за оружје (Службен весник на Република македонија бр.7/05) досега има претрпено 11 (единаесет) Измени и дополнувања или исправки на Законот за оружје (Службени весници на Република Македонија бр. 47/06, 42/07, 86/08, 72/10, 158/11, 119/13, 138/13, 164/13, 152/15, 193/15, 55/16 г.), при што во основниот текст на Законот за оружје кој содржи 83 членови, во изминатиот период е интервенирано со дури 224 членови за нивно изменување дополнување, а само во 2013 година Законот за оружје е три пати менуван и дополнуван или е правена исправка.

Сите овие бројни и чести измени, дополнувања и исправки на Законот за оружје во последните десетина години создадоа преобемна и прекомплицирана регулатива која по наше мислење и покрај бројните измени не успеа да ја стабилизира и функционализира законската материја која ја регулира оваа област, пред се по наше видување поради погрешната концепциската поставеност и структурни пропусти токму на самиот Закон за оружје (Службен весник на Република македонија бр.7/05) и затоа сметаме дека најдобро решение е наместо бројни и чести измени и дополнувања на постојниот закон кои како по некое непишано правило во изминатата деценија се прават еднаш или неколку пати секоја година, да се пристапи кон изготвување на квалитетен целосно нов Закон за оружје, кој ќе се носи во редовна постапка со активно учество во сите фази на неговото изготвување и на непосредно засегнатите страни од граѓанскиот сектор *(Македонска Спортска Стрелачка Федерација, Ловечка Федерација на Македонија, Групацијата за оружје, експлозивни и опасни метерии при Стопанската Комора на Македонија и др.*) и академската јавност и посебно со вклучување на претставници на погореневедените организации од граѓанскиот сектор и академската јавност, во работата на работната група која ќе врши проценка на законската регулатива, ќе прави анализи и ќе го изготвува самиот текст на законот, по што истиот ќе оди на широка јавна расправа пред да биде донесен.

Новиот Закон за оружје предлагаме меѓудругото да содржи регулации кои ќе го остварат следното:

**1.** Постапката за издавање (или одбивање за издавање) на одобрение за набавка на спортско или ловечко оружје на граѓани законски да биде регулирано да трае максимално 30 денови од денот на поднесување на барањето со пропратната документација.

**2.** Граѓанинот во постапката за добивање на одобрение за набавка на спортско или ловечко оружје, при поднесување на барањето како пропратни документи да доставува само писмени докази издадени од надлежни органи или овластени субјекти од нив со кои докажува дека ги исполнува законските услови, по што доколку ги достави сите писмени докази со кои ќе докаже дека ги исполнил законски предвидените услови, овластен службеник на МВР тоа да го констатира во записник по што истиот тој службеник да биде овластен да изготви и одобрение за набавка на спортско или ловечко оружје, по што одобрението му се доставува на граѓанинот.

Доколку пак граѓанинот во постапката за добивање на одобрение за набавка на спортско или ловечко оружје, при поднесување на барањето не достави доказ или докази издадени од надлежни органи или овластени субјекти со кои докажува дека ги исполнува законски предвидените услови, овластен службеник на МВР тоа го констатира во записник, по што истиот тој службеник на МВР изготвува решение за одбивање на барањето за добивање одобрение за набавка на спортско или ловечко оружје, по што тоа му се доставува на граѓанинот.

**3.** Спортските стрелци (спортисти) кои учествуваат во националниот спортски систем на натпревари во спортско стрелаштво во организација на Македонската Спортска Стрелачка Федерација (која има статус на национална федерација за спортско стрелаштво во Република Македонија согласно Законот за спорт и истата е Членка на Меѓународната Спортска Стрелачка Федерација), а се баратели за добивање одобрение за набавка на огнено оружје за потребите на спортското стрелаштво, оспособеноста за ракување со спортско огнено оружје ја докажуваат со потврда за тоа, која е издадена од Македонската Спортска Стрелачка Федерација.

**4.** Спортското воздушно оружје да биде во целосна слободна продажба за граѓани над 18 годишна возраст и истото при набавување да не се пријавува или регистрира во МВР.

**5.** Граѓаните кои поседуваат спортско или ловечко огнено оружје со дозвола за оружје издадена од МВР со презентирање на истата во овластените продавници за продажба на оружје и муниција, да можат слободно (без издадено одобрение за набавка на муниција од МВР) и без ограничување на количината да набавуваат муниција за оружјето кое го поседуваат со дозволата.

**6.** Новиот Закон за оружје да го уредува набавување, поседување и користење на оружје за граѓаните или на нивните здруженија за потребите на спортско стрелаштво, лов, колекционерство, и сл., односно за активности кои спаѓаат во доменот на граѓанските потреби за спорт-рекреација (лов)-хоби, додека истиот да не содржи одредби како што се на пример одредбите во постојниот Закон за оружје кои регулираат и набавување, поседување или користење на оружје за потребите на професијата како што е примерот со Агенциите за обезбедување на лица и имот и сл. Набавувањето, поседувањето и користењето на оружјето за потребите на ваквите субјекти кои оружјето го користат за професионални потреби предлагаме да биде регулирано во Законот за обезбедување на лица и имот или во Законот за опасни или експлозивни материи или во друг соодветен закон.

**7.** Новиот Закон за оружје во себе да ги содржи и сите важечки ЕУ директиви од оваа област.

МАКЕДОНСКА СПОРТСКА СТРЕЛАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
П Р Е Т С Е Д А Т Е Л

Владимир Пандовски

Прилог: Изјава за согласност за објавување на Веб страната на Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.